# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба

декември 2013 година

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба - влијанија врз монетарната политика

***Прегледот на тековната состојба има за цел да даде осврт на најновите макроекономски податоци (октомври-ноември 2013 година) и споредба со последните макроекономски проекции (октомври 2013 година). Со тоа ќе се утврди колку тековната состојба во економијата соодветствува со очекуваните движења на варијаблите во претходниот циклус на проекции. Прегледот е фокусиран на промените на екстерните претпоставки и остварувањата кај домашните варијабли и на тоа како овие промени се одразуваат врз амбиентот за водење на монетарната политика.***

**Глобалното економско окружување не претрпе поголеми промени, во споредба со периодот на последните оцени.** Податоците за економскиот раст за третото тримесечје за евро-зоната покажаа раст, втор квартал последователно. Сепак, тој е умерен и е побавен во однос на претходниот квартал. Оценувајќи го економското закрепнување во евро-зоната како сè уште слабо и проследено со надолни ризици, при истовремено отсуство на инфлациски притисоци на среден рок, ЕЦБ во ноември ја намали основната каматна стапка и ја зајакна својата комуникација во врска со идната патека на основната каматна стапка (forward guidance), а во декември повторно ја потврди својата подготвеност за водење приспособлива монетарна политика сè додека е тоа потребно. Оцените за патеката на движење на економијата на евро-зоната и понатаму се непроменети, со оцени за пад на активноста во 2013 година и раст во 2014 година (којшто со последните проекции на ЕЦБ е незначително ревидиран нагоре). **Гледано низ призмата на одделните квантитативни показатели за надворешното окружување за македонската економија, падот на странската ефективна побарувачка за 2013 година** *во однос на октомвриските проекции*, во рамки на последните оцени сега е нешто помал, додека за 2014 година оцените се речиси непроменети. **Промените во очекувањата за цените на примарните производи се во различна насока.** Последните оцени за светските **цени на нафтата** упатуваат на малку поголем пад во однос на очекувањата од октомври за 2013 година, додека за 2014 година сегашните оцени упатуваат на мал раст (претходно очекувано намалување) што има неповолен ефект врз условите на размена и врз увозните инфлациски притисоци. Оцените за движењето на цените на металите повторно се надолно ревидирани упатувајќи на послаба конјунктура и *понеповолни услови на размена за овој дел од извозниот сектор.* Ревизиите на одделните цени на храната се во надолна насока и упатуваат на намалување на притисоците преку овој канал врз домашната инфлација и условите на размена.

**Споредбата на последните макроекономски показатели со нивната проектирана динамика во рамки на октомврискиот циклус проекции дава различна слика во одделните сегменти. Од аспект на одделните показатели од значење за монетарната политика,** податоците за инфлацијата за периодот октомври-ноември упатија на помали инфлациски притисоци во однос на очекувањата. Овие отстапувања се последица и на прехранбената и на енергетската компонента. На месечна основа, нивото на цени се намалуваше и во октомври и во ноември, а воедно дојде и до значително забавување на годишната динамика (годишната инфлација во ноември се сведе на 1,1%). Забавувањето на годишната инфлација во овој период произлегува од цените на исхраната, но и од некои од компонентите на базичната инфлација. Всушност, во овој период годишниот раст на базичната инфлација забавуваше, при што таа во ноември изнесуваше 2,9%. Остварената базична инфлација, во основа е во рамки на проектираната, но таа и понатаму е на релативно високо ниво, како комбиниран ефект од одредени фактори со привремен ефект, но и при веројатно пренесени ефекти од растот на цените на храната и енергијата. Последните оцени за инфлацијата коишто ги вградуваат **новите појдовни услови и новите очекувања за увозните цени упатуваат на веројатност за остварување на проектираната инфлација за 2013 година. Сепак, при пониска појдовна основа и надолна ревизија на дел од увозните цени, билансот на ризиците**

**околу октомвриската проекција за инфлацијата за 2014 година укажува на веројатност за поголема изразеност на надолните ризици.**

**Во текот на последниот квартал, девизните резерви (приспособени за ценовните и курсните разлики и ценовните промени на хартиите од вредност) забележаа намалување, што е во согласност со очекувањата со октомвриските проекции.** Расположливите податоци за надворешниот сектор упатуваат на трговски дефицит, којшто е во согласност со очекуваниот, а и последните податоци за нето-приливите од менувачкото работење упатуваат на слична констатација за динамиката на приватните трансфери. Во однос на реалниот сектор, расположливите **високофреквентни показатели за третото тримесечје** покажуваат дека економијата и натаму ќе расте, но веројатно послабо во однос на вториот квартал. **Монетарните показатели,** според првичните податоци за ноември, укажуваат на засилена активност на кредитниот пазар, во однос на претходните месеци и на можно остварување на проектираното ниво на вкупните кредити за четвртиот квартал согласно со октомвриската проекција. Воедно, сегашните податоци упатуваат на монетарен раст којшто е на ниво од проектираниот, што исто така има директен ефект врз динамиката на кредитирањето. Намалувањето на каматната стапка на ЕЦБ во ноември се одрази и врз очекувањата за нивото на **каматната стапка ЕУРИБОР за 2014 и 2015 година, којашто е незначително ревидирана надолу во однос на октомвриските проекции.** И со најновите оцени, во наредниот период се очекува мал раст на ЕУРИБОР.

***Последните макроекономски показатели и оцени не упатуваат на поголеми промени во констатациите за амбиентот и ризиците во однос на оцените дадени во рамки на октомвриските проекции. И понатаму еден дел од показателите одат во прилог на понатамошно монетарно олабавување.*** Прво, вкупната инфлација во последните два месеца се движи по проектираната патека, а последните оцени укажуваат на можни надолни ризици околу проекцијата за инфлацијата за 2014 година. Второ, показателите за економската активност покажуваат дека економијата ќе забележи раст и во третото тримесечје (најверојатно послаб од оној во вториот квартал), којшто и понатаму не би требало да создава нерамнотежи. Трето, кредитниот раст може да биде на ниво од проектираниот, но при сѐ уште присутни ризици. Четврто, податоците за денарското и девизното штедење покажуваат одржување на склоноста за штедење во денари, а последните преземени мерки за зголемување на задолжителната резерва во девизи може дополнително да придонесат во оваа насока. **Фактори коишто упатуваат на потреба од поголема претпазливост при водењето на монетарната политика и понатаму постојат.** Имено, со оглед на послабите изгледи за светскиот пазар на метали, во однос на очекувањата во октомври, повторно се присутни неповолните ризици за металната извозна индустрија. Исто така, и покрај релативно поволните движења кај вкупната инфлација, *базичната инфлација и понатаму е на релативно високо ниво,* сигнализирајќи поголеми пренесени ефекти од растот на цените на храната и енергијата врз останатите цени во економијата.

**Странска ефективна побарувачка**
(годишни стапки на промена во %)




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Странска ефективна инфлација**
(годишни стапки на промена во %)




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**За првпат по подолг период на постојани надолни ревизии, декемвриската оценка упатува на поповолни придвижувања кај странската ефективна побарувачка за 2013 година...**

...при што сега се очекува дека оценетиот пад ќе изнесува -0,2%, наспроти октомвриската проекција од -0,4%...

...што е резултат главно на подобрите економски остварувања во третиот квартал од годината кај најголемиот дел од нашите главни трговски партнери.

Подетаљно анализирано, најголем придонес за извршената нагорна ревизија има очекуваниот повисок раст на БДП на Германија и помалиот пад на активноста во грчката економија.

**За 2014 и 2015 година нема промени во оценката за странската ефективна побарувачка, при што и натаму се очекува нејзино влегување во позитивната зона, односно раст на побарувачката од 1,2% и 1,8%, соодветно.**

**Како резултат на процесот на намалување на инфлацијата во земјите со најголемо учество во нашиот увоз на стоки за потрошувачка, странската ефективна инфлација е надолно ревидирана во 2013 година...**

...при што проекцијата за растот на нивото на странските цени се сведе на 2,1%, наместо 2,3% во основната проекција...

...што делумно се должи на пониските остварувања во третиот квартал, но сепак најголем ефект има значителната надолна ревизија на проектираната инфлација во

четвртиот квартал од годината.

Од аспект на поединечните годишни придонеси кон странската инфлација, ваквата надолна ревизија произлегува во најголем дел од пониските придонеси на стапките на инфлација во земјите од поблиското окружување (Бугарија, Србија и Хрватска).

**Надолна ревизија на странската инфлација е извршена и во 2014 година, при што сега се очекува нејзин раст од 1,8%, наспроти 2% во октомвриската проекција.**

**Од друга страна, во тековната проекција се задржани очекувањата за стабилизирање на странската инфлација во 2015 година на ниво од 2,2%.**

**Проектираната цена на нафтата од типот „брент“ во четвртиот квартал на 2013 година е умерено пониска од октомвриската проекција (80,7 наспроти 82,2 евра за барел)...**

...имајќи ја предвид поголемата понуда од басенот на Северното Море и намалувањето на глобалните геополитички тензии.

**Оттука, на годишно ниво, во 2013 година се очекува малку повисок годишен пад на цената на нафтата во споредба со октомвриската проекција.**

**Спротивно на ова, во наредните две години е извршена нагорна ревизија на цената на нафтата...**

...при што сега за 2014 година се очекува мал раст на нејзината цена, наспроти очекуваниот пад, додека пак во 2015 година, падот ќе биде малку понизок од октомвриската проекција.

**Нафта „Брент“**
(квартален просек, евра/барел)




Извор: ММФ, „Блумберг“ и пресметки на НБРМ.

**Цени на никел и бакар во евра**
(годишни промени)




Извор: ММФ, „Блумберг“ и пресметки на НБРМ.

**Новата проценка вклучува подлабок пад на цените на бакарот и никелот во последниот квартал од 2013 година, во споредба со октомвриската проекција...**

...при што ваквата промена кај цената на бакарот најмногу се поврзува со можното намалување на побарувачката од Кина, додека песимистичките очекувања за цената на никелот ја одразуваат недоволната глобална побарувачка, како и зголеменото ниво на залихи.

**Надолна ревизија на цените на бакарот и никелот е извршена и за 2014 година, при што сега се очекува пад наместо раст на цената на бакарот и поголем пад на цената на никелот од октомвриската проекција.**

**Сепак, позитивни движења се предвидуваат за 2015 година, кога се очекува бакарот и никелот да остварат и повисоки стапки на раст во споредба со октомвриската проекција.**




Извор: ММФ, „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

**Оценките за четвртиот квартал упатуваат на подлабок пад на цената на пченицата и пченката во споредба со октомвриската проекција...**

...што најмногу се должи на позитивните остварувања од овогодишната жетва.

**Оттука, на ниво на целата 2013 година се оценува дека ќе биде остварен поголем пад на цените на житарките од предвидениот во октомври.**

**Слично на тоа и во 2014 година се извршени надолни ревизии, при што се очекува дека пченицата ќе оствари понизок ценовен раст, а кај цените на пченката ќе има поголемо намалување во однос на октомвриската проекција.**

**Во 2015 година се очекува раст на цените на основната храна, којшто за пченицата е умерено нагорно ревидиран, додека за пченката ревизијата е во обратна насока.**




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Стапката на едномесечниот ЕУРИБОР во четвртиот квартал е на ниво на октомвриската проекција.**

**Оцената за нивото на странската каматна стапка во 2014 и 2015 година е минимално надолно ревидирана во однос на октомвриската проекција...**

...најмногу како резултат на намалувањето на основната каматна стапка од страна на ЕЦБ во ноември и најавите за задржување на каматните стапки на ниско ниво за подолг временски период.

**Инфлација и цени на храната и енергијата**
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

**Придонеси кон годишната стапка инфлацијата** (во п.п.)




Извор: ДЗС и НБРМ.

**Во ноември, втор месец по ред, потрошувачките цени се намалија на месечна основа.**

**Ноемвриското ценовно поместување[1] во најголем дел се поврзува со пониските цени на свежото овошје, како и со падот на цената на нафтените деривати...**

...а во обратна насока делуваа зголемувањето на цените на свежиот зеленчук, како и растот на цените на средствата за хигиена.

**Годишната стапка на инфлација забави и од 1,3% во октомври се сведе на 1,1% во ноември...**

**...што претставува поголемо забавување од очекуваното, во рамки на октомврискиот циклус на проекции...**

...при надолно отстапување на остварената од проектираната годишна стапка на инфлација кај прехранбената и кај енергетската компонента...

...додека базичната инфлација, во основа е во рамки на проекцијата.

По забавувањето на месечниот раст во октомври, во ноември базичната компонента на инфлацијата стагнираше...

...при што, со исклучок на средствата за хигиена и услугите за образование, сите останати категории на базичната инфлација бележат стагнантно или надолно месечно поместување.

[1] Категории со најголем индивидуален придонес кон месечниот пад на трошоците на животот се: свежото овошје (ценовно намалување од 7,8%), нафтените деривати (ценовен пад од 1,3%), како и растителните масти чијашто цена забележа пад од 1,6%.

**Странски ефективни* и домашни цени на храна**




* Ефективните странски цени на храна се добиени како пондериран збир од цените на храната во земјите што се најзначајни трговски партнери на РМ.
Извор: ДЗС, Еуростат и пресметки на НБРМ.

**Надворешните влезни претпоставки за 2013 година и 2014 година, коишто влегуваат во проекцијата на инфлацијата, главно се ревидирани во надолна насока.**

Така, цените на меѓународно тргуваните примарни прехранбени производи упатуваат на посилен пад на агрегатната цена на житарките, како за 2013, така и за 2014 година, во споредба со сигналите добиени во текот на октомврискиот циклус на проекции...

...при што, надолната корекција на оценката за движењето на цената на пченката во последното тримесечје на тековната година главно ја одразува рекордната жетва во САД...

...додека, пак, надолната ревизија на оценката за цената на пченицата во последното тримесечје на 2013 година главно е одраз на посоодветната глобална понуда којашто се поврзува со почетокот на новата жетва на јужната хемисфера.

Проекцијата за странската ефективна инфлација за тековната година е исто така ревидирана во надолна насока.

Воедно, и оценките за движењето на цената на нафтата до крајот на тековната година бележат надолна корекција...

...и тоа главно како резултат на поголемиот пад од вообичаениот за сезоната[2], на побарувачката на нафтени деривати.

Последните оцени упатуваат на мал годишен раст на цените на нафтата во 2014 година, наспроти претходно очекуваното намалување...

...што во основа значи одржување на цената на нафтата во наредната година

[2] Констатацијата се однесува на периодот октомври-ноември.

околу нејзиното просечно ниво остварено во првите единаесет месеци на 2013 година, а што се поврзува со најавите за постепено зголемување на глобалната понуда на сурова нафта.

**Стапка на инфлација**

(годишни придонеси во вкупната инфлација, во п.п.)




Извор: ДЗС и НБРМ.

Со оглед на кусиот временски период до крајот на годината, и покрај пониската појдовна основа и надолните корекции на оцените за увозните цени...

**...голема е веројатноста за остварување на октомврискатa проекција на инфлацијата за 2013 година од 2,8%.**

**Сепак, при вакви почетни услови и ревизии на влезните надворешни претпоставки, билансот на ризици упатува на можна поголема изразеност на надолните ризици околу проекцијата на инфлацијата за 2014 година.**

**Номиналниот годишен раст на просечната нето-плата во септември 2013 година бележи умерено забрзување и изнесува 1,3% (0,7% во август)...**

**Просечна исплатена плата**

(годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС.

...и во најголем дел се должи на забрзувањето на растот на платите во земјоделството (по негативните стапки на раст во претходните неколку месеци), во секторот „административни и помошни услужни дејности" и на засилениот раст на платите во преработувачката индустрија...

...додека високите годишни стапки на раст на платите од почетокот на годината и натаму се во секторот „транспорт и складирање", во градежништвото и во рударството.

**Во просек, во третиот квартал, нето-платите бележат номинален годишен раст од 1%, што е речиси во согласност со очекувањата од октомврискатa проекција.**



* Прост просек од годишните стапки на промена на различните видови на транспорт и телекомуникациите.
Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

**Расположливите податоци за третиот квартал на 2013 година упатуваат на натамошен годишен раст на домашната економија, но со малку побавно темпо во споредба со годишната стапка од вториот квартал...**

**...при продолжување на позитивните остварувања кај дел од клучните економски сектори.**

Индустриското производство расте и во третиот квартал[3] којшто произлегува од зголеменото производство на машини и уреди и производство на облека и текстил...

...во услови на годишен раст на искористеноста на индустриските капацитети[4].

Притоа, годишниот раст на индустријата е побрз во однос на првите два квартала...

...во услови на позабрзан раст на производство на машини и уреди и на облека, како и заради порастот на производство во печатарската и хемиската дејност.

Најновите податоци за индустриското производство за октомври покажуваат забрзување на растот на 6,9%, главно како резултат на позабрзаниот раст на производството на пијалаци, машини, електрична опрема и на вадење други руди и камен.

Кај градежниот сектор е забележана висока реална годишна стапка на раст (18,8%) во третиот квартал, но побавен во однос на претходните два квартала.

Податоците кај транспортот во третиот квартал упатуваат на раст, а со тоа и враќање во зоната на позитивни стапки

---

[3] Се однесува на податоците на индустриско производство со база и пондери од 2012 година, како показател со вклучени најнови промени во структурата на индустриското производство, при што годишниот раст во третиот квартал на 2013 година изнесува 2,6%, во просек. Истовремено и податоците за обемот на индустриско производство со база 2010 година покажуваат годишен раст во третиот квартал на 2013 година (во просек 2,0%).
[4] Од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија на ДЗС.




по падот од неколку квартали по ред.

Наспроти тоа, реалниот годишен пад на трговијата во третиот квартал се продлабочува во услови на засилување на падот кај трговијата на мало и влегување на трговијата на големо во негативната зона на промени ...

...а во негативна насока се и остварувањата кај прометот во угостителството во третиот квартал (како индикативна категорија за движењето на дејноста „хотели и ресторани").

**Расположливите показатели за агрегатната побарувачка упатуваат на продолжување на растот, што е во согласност со очекувањата од октомвриската проекција.**

Високофреквентните податоци за **личната потрошувачка** упатуваат на малку поповолни движења во споредба со претходното тримесечје...

...при натамошен засилен раст на пензиите...

...значително засилување на растот на кредитната активност насочена кон населението, пред сè во вид на потрошувачки кредити...

...при истовремено засилен раст на домашното производство на стоки за широка потрошувачка...

... а во услови на очекувања за зголемен број вработувања во индустријата и градежништвото[5] за третиот квартал, се очекува раст и кај масата на плати...

...при речиси непроменета динамика на пад кај реалните нето-плати, во услови на забавен раст на номиналните плати, но при пониска инфлација.

Од друга страна, нето-приходите од

[5] Од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија и од Анкетата за деловните тенденции во градежништвото на ДЗС.

ДДВ, како показател за личната потрошувачка, бележат мал реален пад, наспроти растот во претходното тримесечје...

...во услови на натамошен пад кај трговијата на мало, со ист интензитет...

...и при пад на увозот на стоки за лична потрошувачка, наспроти растот во второто тримесечје.

Мал реален пад бележат и приватните трансфери.

Најновите расположливи показатели за **инвестициската активност** во третото тримесечје повторно упатуваат на раст, што е во согласност со октомвриската проекција...

**Индикатори за движењето на бруто инвестициите**
(реални годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

...но најверојатно послаб во споредба со вториот квартал...

...при што тој повторно би произлегол главно од градежништвото...

...коешто сѐ уште бележи висок раст во третото тримесечје, но послаб во однос на претходниот квартал.

Домашното производство на капитални производи бележи раст, но забавен...

... а увозот на стоки за инвестиции, како и државните капитални трошоци бележат пад, наспроти високиот раст во претходниот квартал.

Наспроти тоа, странските директни инвестиции, коишто бележат поголемо зголемување во однос на претходниот квартал, упатуваат на забрзување на стапката на раст на инвестициите ...

...во таа насока се движи и растот на залихите на готовите производи, наспроти падот во претходните две тримесечја...

...додека долгорочното кредитирање на домашниот корпоративен сектор бележи забавена стапка на пад.

Податоците за номиналниот извоз и увоз на стоки и услуги во третото тримесечје на 2013 година упатуваат на стеснување на **трговското салдо,** наспроти очекувањата од октомвриската проекција за мало продлабочување на трговскиот дефицит...

...при засилен номинален раст на извозот на стоки и услуги и пад на увозот наспроти растот во претходниот квартал.

Расположливите податоци за **јавната потрошувачка** во третиот квартал упатуваат на натамошен годишен пад.

Извоз по компоненти
(придонеси во годишната промена, во п.п.)




Извор: НБРМ.
*\ Податоците го опфаќаат вкупниот извоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.

Понатамошното намалување на увозната активност, при благ раст на извозот во **октомври**, предизвика **стеснување на трговското салдо за 13,5% на годишна основа...**

...што е соодветно на очекуваните движења во последниот квартал од октомвриската проекција.

Во октомври, извозот забележа годишен раст од 2,1%, во најголем дел под влијание на извозната активност на новите капацитети ориентирани кон извоз, но и од останатиот извоз. Гледано по производи, извозот на разни производи на хемиската индустрија, тутун и на железо и челик имаше позитивен придонес кон годишниот раст...

...додека извозот на енергија и руди делуваше во спротивна насока, со остварениот позначителен годишен пад (од 58,3% и 25,8% соодветно).

Во споредба со последната проекција, извозот во октомври е малку повисок од очекувањата, со позитивни отстапувања кај повеќето извозни компоненти со исклучок на енергијата и облеката и текстилот, каде што остварувањата се послаби од проектираното.

**Во октомври, увозот на стоки** бележи годишен пад од 4,3%, како резултат на големиот пад кај увозот на енергија (од 26,1%), како и намалените увозни притисоци од стоките за широка потрошувачка, храната и од текстилот.

Остварениот увоз во октомври е на ниво на увозот проектиран за последниот квартал од годината. Позначително надолно отстапување има единствено кај увозот на опремата и машините. Од друга страна, остварувањата кај увозот на тутун, руди и суровинскиот увоз за хемиската индустрија се повисоки од проектираните.

Увоз по компоненти
(придонеси во годишната промена, во п.п.)




Извор: НБРМ.
*\ Податоците го опфаќаат вкупниот увоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.




**Остварувањата кај надворешнотрговската размена во октомври се во согласност со проектираниот трговски дефицит за четвртото тримесечје.**

Последните движења на светските берзански цени укажуваат на поповолни движења кај цените на нафтата и цените на храната. Од друга страна, неповолните движења кај берзанските цени на никелот и бакарот и понатаму претставуваат неповолен ризик за извозните остварувања на металопреработувачката индустрија.




Извор:НБРМ.

**Во септември 2013 година е забележано умерено влошување на ценовната конкурентност на домашната економија на годишна основа.** Во споредба со истиот период од претходната година, и двата индекса бележат апрецијација. Индексот на РЕДК заснован врз трошоците на живот бележи апрецијација од 0,8%, додека РЕКД пресметан според цените на производителите на индустриски производи апрецира за 0,6%.




Извор:НБРМ.

Од аспект на одделните компоненти, индексот на **НЕДК** бележи апрецијација на годишна основа (за 1,5%), што во најголем дел се должи на промената на вредноста на денарот во однос на руската рубља и турската лира. Промената кај **релативните цени** е во спротивна насока, односно промените според двата индекса (трошоци на живот и цени на индустриски производители), покажуваат поволен сооднос помеѓу домашните и странските цени, на годишна основа.




Извор: НБРМ.

**Во третото тримесечје на 2013 година, тековната сметка на билансот на плаќања оствари суфицит од 133,5 милиони евра (или 1,7% од БДП), којшто е поголем во однос на очекуваниот, согласно со октомвриската проекција...**

...во најголем дел заради повисокиот суфицит кај услугите во однос на очекувањата според октомвриската проекција...

...додека кај трговското салдо беше остварен помал дефицит во споредба со планираниот, нето-приливите кај тековните трансфери се малку повисоки од проектираното ниво, а дефицитот кај доходот е во рамки на октомвриската проекција.




Извор: НБРМ.

**Во третиот квартал на 2013 година, во капиталната и финансиска сметка на билансот на плаќања** се остварени нето-одливи од 108,2 милиона евра, или 1,4% од БДП), коишто се повисоки од очекуваните нето-одливи согласно со **октомвриската проекција**.




* Последни расположливи податоци со 30.11.2013.
Извор: НБРМ.

**Најновите податоци за менувачкото работење, заклучно со ноември, покажуваат дека понудата на девизи, и понатаму бележи годишни стапки на пад, додека кај побарувачката на девизи, продолжува трендот на годишни стапки на раст, но овојпат забавено...**

... при што, остварениот нето-откуп на менувачкиот пазар во периодот октомври-ноември 2013 година, изнесува 180,5 милиони евра и бележи пад од 11,7% на годишна основа.

Последните остварувања на менувачкиот пазар покажуваат дека приватните трансфери во билансот на плаќања се во согласност со очекуваните нето-приливи од оваа категорија за третиот квартал.




* Кв.4 заклучно со 30.11.2013 година.
Извор: НБРМ.

**На 30.11.2013 година, состојбата на бруто девизните резерви изнесува 2.020,5 милиони евра**, што во однос на крајот на септември претставува пад од 44,3 милиони евра. Основни фактори за намалувањето на девизните резерви се валутните промени и промените на цената на златото, трансакциите за сметка на државата и задолжителната резерва на банките во девизи, додека во обратна насока делуваа интервенциите на девизниот пазар, т.е. нето-откупот на девизи од страна на НБРМ и трансакциите на НБРМ.




Во периодот октомври - ноември 2013 година, на **девизниот пазар** кај банките е остварена нето-продажба од 71,5 милиони евра, што претставува речиси двојно повисок раст на годишна основа. Годишното зголемување на нето-продажбата на девизи произлегува од посилниот пад на понудата на девизи (од 8,2%), во однос на падот кај побарувачката на девизи (од 1,4%).




Анализата по одделни компоненти покажува дека зголемената нето-продажба на девизи се должи пред сè на повисоката нето-продажба на фирмите, но и на намалениот нето-откуп на девизи од менувачници, физички лица и од нерезиденти.




Извор: НБРМ.

Првичните податоци заклучно со 30.11.2013 година покажуваат повлекување ликвидност преку монетарните инструменти во однос на крајот од третиот квартал, што е спротивно од октомвриската проекција со којашто се предвидува креирање ликвидност до крајот на четвртиот квартал...

...при намалување на нето девизната актива на НБРМ, за којашто со октомвриската проекција се предвидува поголемо намалување во текот на кварталот...

...и креирање ликвидност преку вкупните депозити на државата во помал обем од нивото проектирано за четвртиот квартал.




Извор: НБРМ.

Притоа, состојбата на државните хартии од вредност на домашниот пазар на 30.11.2013 година изнесува 63.178 милиони денари, што во однос на септември 2013 година претставува раст од 2.650 милиони денари.




*Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.
**Се однесува на октомври и ноември 2013 година.
Извор: НБРМ.

На 30.11.2013 година примарните пари забележаа пад во однос на септември, наспроти очекувањата за нивен раст во четвртиот квартал...

...што се должи на забележаниот пад на двете компоненти, односно на готовите пари во оптек и на вкупните ликвидни средства на банките.




* Вклучува депозитни пари
Извор: НБРМ.

Месечниот раст на вкупните депозити што беше забележан во последните шест месеци, продолжи и во текот на ноември, со забрзано темпо во однос на претходниот месец. Зголемувањето на вкупните депозити во овој период главно е резултат на месечниот раст на депозитите на населението, но и на депозитите на приватниот сектор (околу 38% учество во вкупниот раст), при што придонес во оваа насока имаат и депозитите на останатите финансиски институции (околу 20%)...

**...со што годишната стапка на раст на вкупните депозити на 30.11.2013 година изнесува 4,9% и е над проекцијата за четвртиот квартал (4,8%).** На квартална основа, заклучно со 30.11.2013 година, вкупните депозити бележат раст од 2.901 милион денари, што преставува 68% од планираниот раст за четвртиот квартал, согласно со октомвриската проекција.

**Придонес на денарските и девизните депозити во порастот на вкупните депозити (во %)**
*Вклучува депозитни пари.




Извор: НБРМ.

**Остварениот годишен депозитен раст главно произлегува од денарските депозити,** при умерен годишен раст на девизните депозити, што е согласно со очекувањата за нивните движења во четвртиот квартал на 2013 година.

**Учество на денарските и девизните депозити во вкупните депозити (во %)**




Извор: НБРМ.
*Вклучува депозитни пари.

Денарските депозити и понатаму се најзастапени во вкупните депозити, при што валутната структура на депозитите е во согласност со очекувањата во октомвриската проекција.

**Учество на денарскиот дел од М4 во вкупната парична маса М4 (во %)**




**Учество на денарските депозити во вкупните депозити на населението, во %**
*Вклучува депозитни пари.




Денарските депозити на населението се зголемуваат и во текот на ноември, со што нивното учество во вкупните депозити на населението сѐ уште е релативно стабилно (околу 49%). Девизните депозити забележаа мал раст во однос на претходниот месец.

**Каматни стапки на денарските и девизните депозити, во %**




На месечна основа, во октомври каматните стапки на денарските и на девизните депозити не се променија.

**Најширока парична маса, М4**




Извор: НБРМ.

**Монетарен раст е на нивото на проектираниот...**

...во услови на годишен раст на вкупните депозити, којшто е во согласност со очекувањата за четвртиот квартал, при послаб годишен раст на готовите пари во оптек од проектираниот.

**Вкупни кредити**




Извор: НБРМ.

Вкупните кредити во ноември и натаму се зголемуваат, но позасилено во однос на претходните месеци, како резултат на месечното зголемување на корпоративните кредити, но и на кредитите наменети за населението...

**...при што на 30.11.2013 година, годишната стапка на раст на вкупните кредити изнесува 4,9% и е под нивото на проекцијата за четвртиот квартал од 5,2**%. На квартална основа, заклучно со 30.11.2013 година, вкупните кредити бележат раст од 2.982 милиона денари, што претставува 73% од очекуваниот квартален раст (од 4.083 милиони денари), согласно со октомвриската проекција.

**Придонес на денарските и девизните кредити во вкупните кредити, во %**




Извор: НБРМ.

Остварениот годишен кредитен раст во целост произлегува од зголемувањето на денарските кредити, при натамошен пад на девизните кредити.

**Соодност помеѓу вкупните кредити и депозити, во %**




Извор: НБРМ

Искористеноста на депозитниот потенцијал за кредитирање на приватниот сектор е на очекуваното ниво за крајот на годината согласно со октомвриската проекција.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | XI.2013 / X.2013 | XI.2013 / XI.2012 | I-XI.2013 / I-XI.2012 | XI.2013 / X.2013 | XI.2013 / XI.2012 | I-XI.2013 / I-XI.2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***-0.1*** | ***1.1*** | ***2.9*** | ***-0.1*** | ***1.1*** | ***2.9*** |
| **Исхрана** | **-0.3** | **1.0** | **3.7** | **-0.1** | **0.4** | **1.5** |
| Производи од жито | 0.0 | 1.3 | 1.6 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Свеж и преработен зеленчук | 1.2 | 7.0 | 4.0 | 0.1 | 0.4 | 0.2 |
| Свежо и преработено овошје | -5.0 | -0.1 | 4.8 | -0.2 | 0.0 | 0.1 |
| Свежо и преработено месо | 0.1 | 2.5 | 6.8 | 0.0 | 0.2 | 0.6 |
| Свежа и преработена риба | -0.9 | 5.8 | 10.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Свежо и преработено млеко | 0.5 | 4.9 | 4.2 | 0.0 | 0.3 | 0.3 |
| Свежи јајца | -1.5 | 1.1 | 14.1 | 0.0 | 0.0 | 0.2 |
| Маснотии | -1.6 | -23.6 | -2.8 | 0.0 | -0.5 | -0.1 |
| **Тутун и пијалаци** | **0.1** | **4.1** | **2.9** | **0.0** | **0.2** | **0.2** |
| **Облека и обувки** | **0.2** | **3.5** | **7.3** | **0.0** | **0.2** | **0.5** |
| **Домување** | **0.1** | **-1.9** | **1.4** | **0.0** | **-0.3** | **0.2** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 0.0 | 0.1 | 0.7 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Огрев и осветление | 0.0 | -3.3 | 1.6 | 0.0 | -0.4 | 0.2 |
| Греење и услуги | 0.0 | -4.0 | -5.0 | 0.0 | -0.1 | -0.2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0.0 | -3.1 | 4.6 | 0.0 | -0.2 | 0.3 |
| **Хигиена и здравје** | **0.4** | **5.3** | **4.6** | **0.0** | **0.5** | **0.4** |
| **Култура и разонода** | **-0.1** | **0.1** | **1.0** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **-0.8** | **-0.8** | **-0.8** | **-0.1** | **-0.1** | **-0.1** |
| Сообраќајни средства | 0.0 | 2.3 | 3.5 | 0.0 | 0.0 | 0.1 |
| Течни горива и масла | -1.3 | -4.5 | -3.2 | -0.1 | -0.2 | -0.2 |
| Сообраќајни и птт услуги | -0.6 | 1.2 | -0.6 | 0.0 | 0.1 | 0.0 |
| **Ресторани и хотели** | **-0.3** | **3.4** | **4.1** | **0.0** | **0.2** | **0.2** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **-0.1** | **0.7** | **0.7** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2012 | | | | 2013 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | јул 13 | авг 13 | септ 13 | окт 13 | ное 13 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.5 | 2.1 | 3.8 | 4.9 | 3.5 | 3.6 | 2.8 | 4.0 | 2.8 | 1.6 | 1.3 | 1.1 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.5 | 2.3 | 2.8 | 3.3 | 3.5 | 3.6 | 3.3 | 3.6 | 3.5 | 3.3 | 3.1 | 2.9 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | 1.1 | 2.0 | 1.4 | 1.8 | 1.8 | 2.9 | 3.3 | 3.0 | 3.4 | 3.3 | 3.4 | 3.4 | 3.2 | 2.9 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 6.9 | 10.1 | 9.4 | 8.7 | 11.2 | 11.1 | 4.2 | 1.2 | -2.5 | 1.8 | -4.7 | -4.4 | -3.8 | -3.7 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.1 | -7.2 | 8.7 | 12.4 | 4.6 | 5.1 | 3.1 | 4.4 | 5.7 | 2.9 | 0.9 | 0.0 | 2.9 | -1.4 | -1.3 | -2.0 | - |
